Иван КОТЕВ

# *ОБЛАГОРОДЕН ИСКАЗ*

*(Васил ДРВОШАНОВ: Рој, Макавеј, Скопје, 2008)*

Македонската поетска ризница е збогатена со уште еден бисер. Станува збор за најновата збирка песни насловена како *Рој* од еминентниот македонски поет, лингвист, лексикограф и лексикофил Васил Дрвошанов. По поетските збирки *Ронки* (1986), *Мониста* (1995), *Постапалка* (1998), *Дожд* (2001), *Леб и вода* (избор поезија во препев на романски јазик, 2003), еве ја и неговата петта (шеста) збирка, *Рој* во издание на Макавеј од Скопје.

Збирката содржи педесет песни испеани во неговиот препознатлив, лапидарен стил. Овде ќе сретнеме размисли за љубовта и очајот, за животот и небидниниte, пријателството и нетрпеливоста – со еден збор читаме за животот во сите негови манифестации.

Васил Дрвошанов е поет и лингвист. Копајќи по богатото рудно лексичко богатство, тој „... пронаоѓа бисери и драгоцености и ги изнесува на светлината на денот...“, како што луцидно ќе забележи Васе Манчев. И навистина, мајсторот на зборот овие јазични драгоцености обилно ги користи во својот поетски дискурс и создава поезија од лирски минијатрури збогатена со симболично – филозофски и фолклорни елементи што се потпираат на секојдневните случувања во животот и природата.

„За арен мајстор нема лош камен“, рекол народниот мудрец. И за добриот поет нема неупотреблив збор, само да му се најде вистинското место. А Васил Дрвошанов е вистински еквилибрист на зборот. Потпирајќи се на богатата народна лексика во целина и на кратките фолклорни жанри посебно, поетот ткае едно беспрекорно поетско платно извезено со стихови разбирливи и читливи за секој поклоник на пишуваниот збор.

Од морето теми што ги среќаваме меѓу кориците на оваа збирка, доминираат вечните – за животот, љубовта, зависта, омразата, времето што незапирливо минува и, се разбира, неодминливата тема за жената, симболот на нашите мечти и сонувања, жената виделина и мрак, радост и тага, бескрајна среќа и разочараност, мечта и резигнација... Сите тие мотиви пулсираат низ беспрекорно срочените стихови на песните и кажуваат за животот, за минливоста на времето, на младоста :

По тие очи черешни,  
по таа рамна снага  
срцево ми трепери...

Не знам дали да се радувам  
или да тагувам?

**Радосен сум што душава ми сака,**  
**а тажен сум што телово не може.** (Подвлекол И.К.)  
„Повтеж“

Народот рекол: „Срцето и меракот неient". Ноторна вистина. Но, исто така, коментира: „Душ'та ми сака, ама немам кувет".

Поетот го користи фолклорното богатство како поттик, како елемент, притоа облагородувајќи го со врамување во питомината на раскошниот поетски исказ. Или: народот кажал, поетот искажал. Користењето на богатата народна лексика и фразеологија како тивок ветар провејува низ речиси сите песни, се разбира, прекршена преку поетската kamera opskura:

Јас сум она што сум.
Не сум тоа што бев,
ниту сум тоа што ќе бидам.
„Уплав"

„Не гледај шо сме, туку шо ќе бидеме" (Нар. поговорка).

Во поезијата на Васил Дрвошанов провејуваат онтолошки и архетипски прашања, често поврзани со неумоливото течење на времето, вистинските човечки вредности и длабоката човечка осаменост во светот кој нè опкружува, како што забележува проф. д–р П.Радиќ. Васил Дрвошанов се стреми, а во тоа евидентно успева, со што поедноставен јазик да го сублимира својот поетски јазик до најцврсти форми.

Животот тече ли, тече. Остануваат ронки од деновите што се пред нас, многу неисполнети обврски, мечти и жал за младоста:

Има една песна од Тагоре со тематика време и чувствувам потреба да ја апострофирам, оти кој е имун од лирските изливи на еден од најголемите светски поети? Само неколку стихови:

... Го слушаш ли шумот на времето што лета?
Вечно се на пат неговите кочии...
Ударите на нашите срца на небото се слушаат,
кочиите во мракот ги прегазиле ѕвездите –
како во мракот да не плачат на градите?
Р.Тагоре, „Го слушаш ли шумот на времето што лета"

И, во таа смисла Васил Дрвошанов ќе рече:

Животот се тркала ден за ден.
Дури да речеш опа! –
векот отишол.
„Претсмртна"

Колку едноставно и убаво!

Непознати се патиштата Господови:

Секој си оди по својот пат,
врвицата со многу непознати,
додека не стигне на крајот.
„Врвица"

Жената со сите свои атрибути, добри и лоши страни, сопруга и љубовница, намуртена и насмеана, тивка и разгоропадена, ја среќаваме во овие лирски бисери. Во дел од овие песни провејува една дидактичка

нотка: „Скромност“, „Зелен Гого“, „Проста вистина“. Поетот не ја глорифицира жената, не ја возвишува, туку ја слика реално, онака како што ја гледа и како што ја доживува – и како горделива („Горделивка“) и како неосвоива тврдина. („Тврдина“):

Мене очиве ми окапеа по неа,
а таа глава не сврте по мене.
...............................................
Залудни се моите копнежи.
Остана таа
неусвојлива тврдина
за моево рането срце.
„Тврдина“

Не секогаш жената е виновна за неостварената љубов. Поетот знае и сам да се искритикува, не штедејќи се. Во една прилика тој, додека пее за прекрасните очи на девојката кои повикуваат на љубов, ќе рече:

Само јас сум брлак!
Ем ми иска ем ми стиска.
што чекам?
„Брлак“

Дали времето е толку сурово, односите толку разнишани, довербата и вер(б)ата изневерена, та толку силно се чувствува алиенацијата, луѓето се сами, жедни и желни за малку разбирање, блискост, топлина. Ниту богатството и мудроста, ниту силата и славата можат да го наполнат срцето. Тоа ќе остане празно  затоа што

Ти имаш празнина во душата
поради немање размена на нежности.
„Празнина“

За „...размената на нежностите“ потребна е и среќа, но и разбирање. Среќата понекогаш е тука, до нас, а не можеме да ја видиме. Затоа, Среќата треба да се бара/ за да се најде./ Јас ја барав под дрво и под камен,,/ а таа ти била тука, покрај мене. ( „Слепота“). Понекогаш сродната душа, среќата е до нас, а ние едноставно се разминуваме. Понекогаш, и засекогаш. Затоа пак, за несреќа, ќе те удри гром од ведро небо. Остануваат теглилата, тагата и ламентациите:

Мене злото ме најде на полпат.

Си мислам:
каде ли ја најдов оваа жена
што ме пади од дома
во невреме
гром да ме трешти?
„Гром“

Во сферата на интересот на поетот се и филозофските размисли за убавината, за вистината, лагата, правдата и неправдата, за слогата и бракот итн. Дали убавината е благослов или проклетство? Дали гарантира среќа и благосостојба? На таа вечна тема размислувале филозофите и мудреците, пееле поетите, ја издигнувале убавината до небесните височини, за убавите жени се напишани симфонии и се извајани прекрасни скулптури, изградени се градови и дворци, рушени се градови и држави – а дали биле среќни? Народот рекол: „Убафјо имиш бишките го јадат“. Во таа смисла индикативна е песната за расцветената раскошна ружа на која

Мнозина ѝ се насладуваа,
но никој немаше храброст да ѝ пријде,
а камоли да ја скине.

Ружата остана негибната.
Наскоро слана ја попари.

„Ружа“

Човекот и поет Васил Дрвошанов со своите песни се залага за еден поубав и праведен свет, свет во кој ќе има разбирање и почит, свет во кој правдата ќе биде почитувана, оти засега не е така. Поетот резигнирано ќе рече:

Некој се смее,
а мене душава ми плаче.

Тој е особено огорчен од фактот дека:

Цел век дарувам љубов,
а добивам само презир.

„Неправда“

Вредностите лесно се погазуваат. Кариера и име градени со години, калени и докажувани на стотици начини можат да се изгубат за миг. Затоа, поетот порачува:

Со довербата нема играчка.
Ако направиш еден погрешен чекор –
отиде коњот во реката.

„Доверба“

Поетот фрла светлина и на психичкиот монент, на внатрешниот живот. Тој ја потврдува старата вистина оти „Ут таа кожа у друга не се флева“, односно човек може да бега и избега и од најчуваниот затвор, од љубовта и од топлиот дом, но не може вечно да бега:

Бегај ваму, бегај таму,
се набегав цел живот,
**ама не можам да побегнам од самиот себе си.** (Подвл. И.К.)

„Бегство“

Во ова „подивено време“, како што вели авторот, многу чесни луѓе се лесен „... плен на различни глутници“, та стануваат луѓе „... со прекршено пладне“. А за тоа не треба многу:

Ќе те насамарат. Без вина
виновен ќе бидеш
додека окото ти трепне.
А ти оди потоа – барај Правда!

Сепак, поетот ѝ верува на правдата, оти:

... иако бави, правдата не заборава.
„Правда“

Детството, како најубавиот период од човечкиот живот никогаш не може да се заборави. Дури сме деца, сè се сака: да се дофатат ѕвездите, да се стигне зуницата, „појасот на дедо Господ“, да се живее со птиците и животните – со еден збор – сè. Така, и нашиот поет се сеќава на овие незаборавни години:

Едно девојче и јас,
кога бевме деца
сакавме со рацете
да ги фатиме сончевите зраци.

Зраците не ги фативме.
„Зраци“

Во „Гулабица“ поетот се сеќава на саканата девојка која исчезнала пред многу години, а еден летен ден во дворот слетала гулабица. Никој не ја разбрал „скриената порака“ од оваа ненадејна посета. Само тој знаел:

Тоа беше душата на мојата сакана
што исчезна пред многу години.
„Гулабица“

И покрај тешкотиите и проблемите, животот, сепак, е убав. Поетот верува во едно подобро утре, оти „ Сè тече, сè се менува“. Тркалото на животот се врти, а животот е река.

На патот кон утрото
среќавам драги лица.
Тие будат надеж
да верувам дека утрото
ќе ми донесе среќа.
„Утреж“

Песните од стихозбирката *Рој* дишат со еден зрел лиризам во кој сè е спонтано, доживеано и емотивно обоено. Стилот е јасен, исказот искрен, јазикот свеж и богат. Разновидната тематика и едноставниот, спонтан говор ја доближуваат оваа поезија до читателот на наједноставен начин.

На крајот: зошто РОЈ?Ројот означува мноштво од единки. Дали се тоа рој песни, или рој мисли, зборови, идеи, останува на читателот да одгатне. Ние остануваме со уверување дека  од перото на овој наш докажан поет и лингвист ќе истечат уште многу лирски изливи и ќе ни ги подари стокмени во некоја нова книга.